РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1604/7
04-09-2023 (2021)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по поднесена пријава, на 91-та седница одржана на ден 31.08.2023 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката на ДКСК по предметот број 08-1604/1 од 16.04.2021 година, оформен по поднесена пријава со наводи за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ________________________, Градоначалник на општина ________________________, односно за непријавување на недвижен имот во анкетниот лист поднесен до ДКСК, СЕ ЗАПИРА.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во предметот број 08-1604/1 од 16.04.2021 година .

Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот број 08-1604/1 од 16.04.2021 година е оформен по добиена пријава во која се наведува дека Градоначалникот на општина ________________________, ________________________, е сопственик на ливада со површина од 9.961 м2 и дека истата не ја пријавил во анкетниот лист поднесен до ДКСК.

Воедно, во пријавата се наведува дека наведената ливада во моментот додека именуваниот ја извршува функцијата Градоначалник на општина ________________________ ќе биде пренаменета во градежна парцела со што вредноста на истата ќе се зголеми повеќекратно.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци и документација од Агенцијата за катастар на недвижности.

ДКСК по разгледување на прибавената документација од Агенцијата за катастар на недвижности и од увидот во својата евидницја констатира дека предметниот недвижен имот ________________________ го пријавил во анкетниот листо поднесен до ДКСК на ден 20.11.2017 година, по избор на функцијата Градоначалник на општина ________________________.

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr31, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК, исто така, од прибавените податоци од Агенцијата за катастар на недвижности констатира дека парцелата била заведена на име на ________________________________, со сопственост 1/1 и имала статус на ливада, додека моменталниот статус на парцелата заведена во имотен лист број ________________________ за КО ___________________________ е **градежно земјиште** со површина од 9.961м2 од кои ___________________________________ е сопственик на ¾. Наведената состојба е пријавена во актуелниот анкетниот лист на ________________________, Градоначалник на општина ________________________________.

Државната комисија за спречување на корупцијата, по разгледување на прибавените информации и документација и по увидот во својата евиденција констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил:А.Ч.
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**